*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА - ШТИП*

| Службен гласник на Општина - Штип Излегува по потреба | Број 10 20 август 2008 година Ш т и п | ГОДИНА XLV |
|---|---|---|

220.

Врз основа на член 93-в од Законот за средно образование („Службен весник на РМ“ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/2005, 113/05, 35/06, 30/07 и 49/07) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип („Слжбен гласник на Општина Штип“ број 01/03 и 18/07), градоначалникот на Општината Штип на **15 август 2008 година**, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА СОУ „КОЛЕ НЕХТЕНИН“-ШТИП

1. За вршител на должноста директор на СОУ „Коле Нехтенин“-Штип се именува **Јане Миланов**, досегашен директор на училиштето. Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите до именувањето на нов директор на училиштето, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 93-в од Законот за средно образование („Службен весник на РМ“ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07 и 49/07) градоначалникот во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот именува ВД директор на училиштето од редот на вработените во училиштето кој ги исполнува условите за директор. Вршителот на должноста директор на училиштето ќе ги врши работите до именувањето на нов директор на училиштето, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

Аналогно на напред наведеното бидејќи до 14 август 2008 година кога му истекува мандатот на сегашниот директор не може да се изврши избор

на директор на училиштето бидејќи постапката за избор на директор се повторува и е во тек, се одлучи како во диспозитивот на решението.

Број 08-1282/4 Градоначалник
15 август 2008 година на Општина Штип

Штип Панде Сарев, с. р.

221.

Врз основа на член 43 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 62/05), член 36 став 1 алинеја 9 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03 и 18/07), градоначалникот на Општина Штип на **18 август 2008 година**, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПЛАТИ, ДОДАТОК НА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ КОИ ВРШАТ АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И ПОМОШНИ РАБОТИ ВО ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Во Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 11/06) член 4 став 1 точка 1, 2 и 3 се менуваат и гласат:

**занимање од II група**

Сложеност за кое е потребно II степен на подготовка, основно образование со дополнително знаење и вештини:

1. Доставувач на писмена и други материјали за потребите на општинската администрација 174 бода
2. Домаќин, одржувач на зградата и системот на греење 201 бода

**занимање од III група**

Занимање за кое е потребно III степен на стручна подготовка, односно тесно квалификувани и стручни профили

Во членот 4 став 1 од насловот (Занимање од III група) работните места под реден број 1, 2 и 3 се менуваат и гласат:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Сортирање и пакување на материјали за седници на Советот и работните тела и нивна внатрешна дистрибуција | 200 бода |
| 2. | Комунален контролор | 239 бода |
| 3. | Возач-доставувач | 240 бода |

Во членот 4 став 1 после насловот (Занимање од III група) се додава нов наслов кој гласи:

**занимање од IV група**

Сложеност од широк профил за кој е потребно четврти степен на стручна подготовка, односно пошироко квалификувани и стручни занимања:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Раководител на Одделение за заштита и спасување | 500 бода |
| 2. | Справување со кризи | 435 бода |
| 3. | Командир на територијална ПП единица | 275 бода |
| 4. | Командир на одделение | 228 бода |
| 5. | Водач на група | 224 бода |
| 6. | Пожарникар-одржувач-сервисер на ПП апарати | 220 бода |
| 7. | Пожарникар-автомеханичар | 220 бода |
| 8. | Пожарникар-возач | 207 бода |
| 9. | Пожарникар | 207 бода |

Член 2

Во членот 8 став 1 процентот (15% се заменува со процент 20%).

Член 3

Овој Правилник за измени и дополнување на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“, а ќе се применува осмиот ден по објавувањето.

Број 04-2021/1
20 август 2008 година
Штип

Градоначалник
на Општина Штип

Панде Сарев, с. р.

222.

Врз основа на член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип („Службен весник на Општина Штип“ број 01/03 и 17/08), градоначалникот на Општина Штип на **20 август 2008 година**, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НАДЗОРЕН ИНЖЕНЕР НА ОБЈЕКТОТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПРОТИВПОЖАРНИОТ ДОМ ВО ШТИП“

1. **Венцислав Бочварски**, дипл. инженер архитект, се именува за надзорен инженер на објектот „Реконструкција на Противпожарниот дом во Штип“.
2. Надзорниот инженер има задача да го врши надзорот максимално совесно, стручно и квалитетно, да врши контрола на испорачаниот и вграден материјал со сите технички норми и стандарди во се́ спрема усвоената понуда по барањето за прибирање понуди со објавување на оглас број 02/2008 и 04/2008 и да ги заштитува интересите на инвеститорот Општина Штип.
3. Надзорниот инженер има задача надзорот да го врши без пречки пред изведувачот и истовремено се овластува да ги потпишува стасаните про-фактури, фактури и ситуации (во сите фази) по завршената работа, а пред исплата на средствата од страна на инвеститорот Општина Штип.
4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2022/1
20 август 2008
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

# С О Д Р Ж И Н А


| Р.бр. | | страна/број |
|---|---|---|
| 220. | Решение за именување вршител на должноста директор на СОУ „Коле Нехтенин“-Штип | 266/10 |
| 221. | Правилник за измени и дополнување на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип | 267/10 |
| 222. | Решение за именување надзорен инжењер на објектот „Реконструкција на Противпожарниот дом во Штип“ | 269/10 |